**Влада на Република Северна Македонија**

Дата: 25 февруари 2025 година
Архивски број: 50-1721/ 6
До: **Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија**
**Скопје**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка(*), што го утврди на седницата, одржана на 25 февруари 2025 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Игор Филков, министер за правда и м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, а за повереник Дајанчо Ефтимов, државен секретар во Министерството за правда.

**Претседател на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**

Подготвил: Христина Мишевска, помлад соработник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: Игор Јанушев, генерален секретар на Владата

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | Игор Филков, министер за правда и<br><br>м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда |
| ПОВЕРЕНИК: | Дејанчо Ефтимов, државен секретар во Министерството за правда |

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка(*)

Скопје, февруари 2025 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со изменувањето и дополнувањето на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка(*), Агенцијата за управување со одземен имот во извршувањето на своите надлежности во континуитет и при примената на законското решение беа увидени слабости и недостатоци и тоа во делот на квалификациите за условите за избор за директор на агенцијата, во превисокото ниво за познавање на странски јазик, што реално ги намалува можностите на стручните кадри да аплицираат на соодветните позиции.

Предложениот текст на законот е усогласен со добиените мислења од повеќе надлежни државни органи и институции.

Најголемиот дел од направените измени се во насока на дополнување на постојните одредби, без притоа да се промени постојната концептуална поставеност на системот за управување со одземен имот, ниту организационата и системска поставеност на Агенцијата.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Целта на овие измени на Законот и тоа во делот каде се утврдени условите за избор/именување на директор, заменик директор и на други јавни функции, е на тој начин што условот за поседување на меѓународно признат сертификат или уверение за активно познавање на англиски јазик кој е поединечно дефиниран во посебните матријални закони, е да се додадат зборовите: „или сертификат и/или уверение со кој се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици во Европската Унија-англиски, француски или германски со најмалку Б2 ( В2 ) од Европската референтна рамка за јазици, издадена од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на оваа услуга“.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Измените на овој закон нема да повлекуват финансиски импликациии, за донесување на истиот не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Овој закон не предизвикува материјални обврски за одделни субјекти.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАН ИМОТ, ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА(*)

Член 1

Во Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка(*) („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 64/24), во член 18 во точка 5 во воведната реченица по зборот „јазик“ запирката и зборовите „не постар од пет години“ се бришат.

Во алинејата 5 сврзникот „или“ се заменува со запирка.

Во алинејата 6 по зборовите „ниво Б2 (B2)“ се додава сврзникот „или“.

По алинејата 6 се додава нова алинеја 7, која гласи:

„- сертификат, уверение и/или потврда со кои се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија – (англиски, француски или германски јазик) на најмалку ниво Б2 ( B2 ), од Европската референтна рамка за јазици, издадена од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на оваа услуга.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАН ИМОТ, ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА(*)

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со членот 1 од Предлогот на закон се уредува Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка(*) делот кој се однесува на условите за познавањето на странски јазик при избор на директор на агенцијата.

Со членот 2 се уредува стапување во сила на законот.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со новото предложено законско решение се пристапува кон надминување на утврдените проблеми.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Целта на овие измени на Законот и тоа во делот каде се утврдени условите за избор/именување на директор, заменик директор и на други јавни функции, да се создаде можност за избор на стручни кадри во сферата.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАН ИМОТ, ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА(*) КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

### Именување на директор
### Член 18

За директор на Агенцијата може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:
1) да е државјанин на Република Северна Македонија;
2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
4) да има минимум пет години работно искуство од областа на правото или економијата;
5) да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик, не постар од пет години:
-ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
-ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2)
6) поседува сертификат за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTËSISË
Бр./Nr. 21-641/9
25-02-2025 20
Скопје/Shkup

Влада на Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

# ИЗЈАВА ЗА УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРОПИСОТ СО ЗАКОНОДАВСТВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА СО КОРЕСПОНДЕНТНА ТАБЕЛА

| **1. Правен пропис** |
|---|
| 1.1. Назив на прописот |
| Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка |
| 1.2. Предлагач |
| Министерство за правда |
| 1.3. **Овој предлог на Закон не е предмет на усогласување со правото на ЕУ, туку во истиот се вршат соодветни измени кои што се од национален карактер, а Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) е усогласен со правото на ЕУ, согласно Изјавата за усогласеност со ЕПП број 2016.0100.7376** |
| 1.4. Број и назив на поглавјето од правото на ЕУ согласно Националната програма за усвојување на правото на ЕУ |

| **2. Усогласеност на предлогот на прописот со одредбите на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји членки** |
|---|
| 2.1. Одредба од Спогодбата која се однесува на нормативната содржина на прописот |
| 2.2. Дали правниот пропис е во согласност со одредбите од Спогодбата<br>Да Не |
| 2.3. Причини за неисполнување, односно делумно исполнување на обврските кои произлегуваат од наведените одредби на Спогодбата |

| **3. Усогласеност на предлогот на прописот со изворите на правото на Европската унија** |
|---|
| 3.1.Одредби на примарните извори на правото на ЕУ |
| 3.2. Степен на усогласеност со секундарните извори од правото на ЕУ<br>☐ потполна усогласеност ☐ делумна усогласеност ☐ неусогласеност |
| 3.3. Причини за делумна усогласеност или неусогласеност со секундарните извори на правото |
| 3.4. Усогласеност со останати извори на правото на ЕУ: |
| 3.5. Рок во кој е предвидено постигнување на потполна усогласеност на предлогот на прописот со правото на Европската унија<br>- |
| 3.6. Кореспондентна табела (прилог) |

1

Влада на Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

| | | |
|---|---|---|
| **4. Превод на изворите на правото на Европската унија и правниот пропис** | | |
| 4.1. Дали горенаведените извори на правото на ЕУ се преведени на македонски јазик и ако се преведени, наведете го изворот на преводот. | | |
| ☐ ДА | Верзија МК | ☐ НЕ |
| Извор: Министерството за правда и Секретаријатот за европски прашања | | |
| 4.2. Достапност на преводот на изворите на правото на ЕУ<br>Да | | |
| 4.3. Дали предлог прописот е преведен на англиски јазик?<br>☐ ДА ☐ НЕ | | |
| 4.4. Достапност на преводот на предлог прописот<br>/ | | |

| |
|---|
| **5. Стручна помош и мислење** |
| 5.1. Учество на техничка помош и консултанти во изработката на предлогот на прописот |
| 5.2. Дадено мислење за усогласеноста на прописот<br>/ |

| | |
|---|---|
| **Раководител на надлежниот сектор** | |
| Име презиме: | м-р Никола Прокопенко |
| Звање и работно место: | државен советник |
| Потпис: | |
| Датум: | февруари 2025 |
| **Раководно лице/функционер во органот изработувач на правниот пропис** | |
| Име презиме: | |
| Потпис: | |
| Датум: | |
| **Раководно лице/функционер во органот предлагач на правниот пропис** | |
| Име и презиме: | Игор Филков – Министер за правда |
| Потпис: | |
| Датум | февруари 2025 |